

Council of Europe Campaign for
the **Safety of Journalists**

Campagne du Conseil de l'Europe pour
la **sécurité des journalistes**

Стразбур, 28 февруари 2023 година

# НАЦИОНАЛНИ КОНТАКТ ТОЧКИ

*Информативен документ подготвен од Секретаријатот*

Примарната цел на Кампањата е ефективно да ја зголеми безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери и да обезбеди поволно опкружување за безбедно, слободно, плуралистичко и одговорно новинарство во земјите-членки на Советот на Европа и пошироко.

Советот на Европа ги охрабрува земјите-членки да ја пресликаат Кампањата во национален контекст. Без посветен и ефективен ангажман на секоја членка на национално ниво, преку развивањето на таканареченото „национално поглавје“, Кампањата не може да ги постигне своите цели.

**Национални контакт точки (НКТ)**

Кампањата е европски проект. За да се максимизира нејзиното влијание, неопходна е координација меѓу сите релевантни партнери, и со Советот на Европа и меѓу самите нив.

Земјите-членки се повикуваат да назначат **национални контакт точки кои ќе дејствуваат како лица за контакт помеѓу Советот на Европа и земјите-членки, како и другите меѓународни партнери или вклучени чинители** (во име на националните институции, агенции и организации кои дејствуваат во рамките на „националните комитети“ за Кампањата).

Генералната секретарка на Советот на Европа формално ќе ги покани земјите-членки да номинираат лице кое ќе дејствува како **национална контакт точка** во рамките на Кампањата.

***Улога***

Во развојот на Кампањата, националната контакт точка ќе ги **поврзува домашните чинители на кои им е доверено „националното поглавје“ на Кампањата и Секретаријатот на Советот на Европа задолжен за Кампањата.**

Превод кофинансиран
од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Од НКТ ќе се очекува да **споделува информации за конкретните иницијативи преземени на национално ниво за постигнување на целите на Кампањата**, и, во исто време, да ги **информира соодветните национални комитети за исходите од размените на европско ниво** во рамките на Кампањата и да го олесни споделувањето на добрите практики.

Се подразбира дека на лицето назначено како НКТ **му/ѝ било доверено од Владата да пренесува координирани национални информации во интеракцијата со Советот на Европа и релевантните партнери**. НКТ може да биде или да не биде дел од координативните структури/раководството на националниот комитет формиран во рамките на Кампањата. Во вториот случај, НКТ ќе треба да биде во постојан дијалог со националниот комитет и структурите за управување со Кампањата.

При преземањето на оваа улога, НКТ треба да дејствува во согласност со домашното законодавство и релевантните меѓународни обврски.

**Назначувања**

**Назначувањето и функционирањето на НКТ е на дискреција на земјите-членки**. Сепак, за да се гарантира дека НКТ може успешно да ја исполни својата улога, на земјите-членки им се препорачува да го организираат назначувањето врз основа на критериуми како што се:

- докажано искуство и компетентност во соодветната област,
- искуство во координацијата со национални тела и агенции релевантни за заштитата на безбедноста на новинар(к)ите, како и со здруженијата на новинар(к)и и други медиумски актери,
- достапност за состаноци и размена на комуникации, и
- познавање на еден од официјалните работни јазици на Советот на Европа.

Колку што е возможно, НКТ не треба да има удвојување на работата со други постоечки органи назначени за истата цел. За да се координираат активностите и да се избегне непотребно преклопување, земјите-членки се поканети да размислат за **назначување на веќе постоечки контакт точки**, назначени да работат во други мрежи формирани за остварување цели слични на целите на Кампањата на Советот на Европа.

**Координација и интеракција на НКТ. Улогата на Советот на Европа**

Советот на Европа ќе биде првенствено одговорен за започнување и координирање на Кампањата, свикување **годишни состаноци на НКТ**, олеснување на **размената и дијалогот помеѓу НКТ-и** и сите вклучени чинители, соодветно. На овој начин ќе се овозможи напредок и последователно оценување на развојот на Кампањата, споделување на најдобрите практики и подобрување на меѓусебната доверба. Советот на Европа ќе ја води и ажурира листата на назначени НКТ и ќе се погрижи информациите навремено да се споделуваат по потреба.

**Координаторот/ката на Кампањата и избраните службеници/чки од Одделот за медиуми и интернет ќе бидат врската помеѓу Советот на Европа и НКТ-и**. Советот на Европа, исто така, ќе се погрижи НКТ-и да бидат информирани за континуираната соработка на Организацијата со релевантните регионални и меѓународни партнери.

**Првиот состанок на НКТ-и** ќе се одржи или на самото официјалното започнување на Кампањата на Советот на Европа или веднаш по нејзиното започнување. Целта на овој состанок е да се олесни првиот контакт помеѓу назначените НКТ-и и да се разговара за основните прашања во врска со ефективниот развој на Кампањата на национално и европско ниво.

PROTECT JOURNALISTS - PROTECT DEMOCRACY

COUNCIL OF EUROPE

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

www.coe.int

*Овој превод е направен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Наведената содржина е единствена одговорност на Советот на Европа и не значи дека секогаш ги одразува ставовите на Европската Унија.*

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE